УНИВЕРЗИТЕТ "Св. КИРИЛ и МЕТОДИЈ"- СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ
FACULTY OF DRAMATIC ARTS - SKOPJE
1000 Скопје, п.фах 134; Руѓер Бошковиќ бр. 22, Р.Северна Македонија; тел: +389 2 306 11 88: факс: +389 2 306 12 56; е-маил: fdu@ukim.edu.mk
1000 Skopje. p.fah 134; Rugjer Boskovic 22, Republic of North Macedonia; tel: +389 2 +306 11 88; fax: +389 2 306 12 56; e-mail: fdu@ukim.edu.mk

Врз основа на член 114, а во врска со член 37 став 6 од Законост за високо образование, (Сл.весник број 82/2018) , член 65 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019) како и член 44 од Статутот на Факултетот за драмски уметности – Скопје, во состав на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј,, во Скопје, (Универзитетски гласник бр.455/2019), Деканот на Факултетот за драмски уметности – Скопје на 30.10.2019 година, ја донесе следната

Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ
Бр. 02-697/3
30.10.2019 год.
СКОПЈЕ

# ОДЛУКА

## за распишување на избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Факултет за драмски уметности во Скопје

### Член 1

Се распишуваат избори за претседател и 14 (четиринаесет) членови на факултетското студентско собрание на Факултет за драмски уметности во Скопје.

### Член 2

Изборите за претседател и членови на факултетското студентско собрание ќе се одржат со тајно гласање на ден **28.11.2019 (четврток)**, од 10.00 до 16.00 часот

### Член 3

Се именува изборна комисија за спроведување на изборите за претседател и членови на факултетското студентско собрание на Факултетот за драмски уметности во Скопје во следниот состав:

- Вон.проф. м-р Горан Трпчевски, претседател
- Доц. м-р Никола Настоски, член
- Лазар Христов, член
- Миа Николоска, член
- Батухан Ибрахим, член

Комисијата од став 1 на овој член избира избирачки одбори/поткомисии составени од двајца студенти и еден наставник, односно соработник за спроведување на изборите.

### Член 4

Изборната комисија од член 3 на оваа одлука:

- ја спроведува изборната постапка/и
- донесува одлука со која констатира дека предложените кандидати ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите да бидат предложени за

членови во факултетското студентско собрание. Во одлуката се наведува личното име на кандидатот, дали е запишан во семестарот, односно во годината кога се вршат изборите, студиската година, студиската програма и сл. Одлуката од комисијата е конечна;

- ги утврдува резултатите од гласањето;
- составува записник за резултатите од гласањето на факултетот и за крајниот резултат;
- врши други работи со цел спроведување на изборите.

Изборната комисија донесува Упатство со кое се утврдува нејзината работа, го утврдува изгледот на гласачкото ливче, утврдува образец на записник, начинот на гласање и пребројување на гласовите, резултатот од гласањето, известувања, записници и сл., чување и увид во изборната документација и за други прашања поврзани со постапката за организација на изборите, гласањето и утврдување на резултатите од гласањето.

Упатството се објавува на веб-страницата на Факултетот, најдоцна 7 дена пред одржување на изборите заедно со Одлуката со која се констатира дали предложените кандидати ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите.

**Член 5**

Се задолжува изборната комисија од член 3 на оваа Одлука изборите за претседател и членови на факултетското студентско собрание на Факултетот за драмски уметности во Скопје да ги реализира во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Статутот на Факултетот за драмски уметности во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**Член 6**

Кандидатите за претседател и членови во факултетското собрание се утврдуваат на собири на студентите по катедри , со тоа што од секоја катедра се предлагаат кандидати за претставници во факултетското студентско собрание.

Собирите на студенти по катедри ќе се спроведат најдоцна до 15.11.2019 година

Точниот термин ќе биде определен во зависност од распоредот на часови, за што студентите од секоја катедра ќе бидат информирани три дена однапред за времето на одржување на собирот.

Факултетското студентско собрание го сочинуваат претставници од студентите по катедри од додипломски студии и од постдипломски и докторски студии и тоа:

- Катедра за актерска игра – 4 члена
- Катедра за театарска и филмска драматургија- 1
- Катедра за театарска режија- 2
- Катедра за продукција- 2
- Катедра за филмска и ТВ режија -2
- Катедра за филмско и ТВ снимање -2
- Катедра за филмска и ТВ монтажа-1
-

**Член 7**

Врз основа на спроведените собири на студенти по години, Изборната комисија ја донесува одлуката од член 4, став 3, алинеја 1 на оваа одлука најдоцна

до 19 ноември 2019 година (вторник).

**Член 8**

Право да избираат и да бидат избрани за членови на факултетското студентско собрание имаат сите студенти на факултетот, кои се запишани на студии во учебната 2019/2020 година.

За Претседател на факултетското студентско собрание може да биде избран редовен студент на Факултетот кој ги положил сите испити заклучно со трет семестар.

За избран претседател и членови на факултетското студентско собрание се смета/сметаат кандидатот/кандидатите кои добиле најмногу гласови од студентите кои гласале.

**Член 9**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а задолжително да се објави на web страната на факултетот и да се достави поединечно до сите студенти на нивните маил адреси.

**Декан,**
**Проф. м-р Лазар Секуловски**

Доставено до: - архива, членови на Комисија, огласна табла, веб страна